## ШТО ТРЕБА ДА ОЧЕКУВАМ ОД КОМИСИЈАТАЗА ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА?

НАЈДОЦНА ВО РОК ОД 90 ДЕНА ОД МОМЕНТОТ НА ДОСТАВУВАЊЕТО НА ПРЕТСТАВКАТА, КОМИСИЈАТА ЌЕ ДОСТАВИ МИСЛЕЊЕ ЗА НАВОДНАТА ДИСКРИМИНАЦИЈА ДО МЕНЕ И ДО ОНОЈ ПРОТИВ КОГО ЈА ПОДНЕСУВАМ ПРЕТСТАВКАТА И АКО УТВРДИ ДИСКРИМИНАЦИЈА, ЌЕ ПРЕПОРАЧА НАЧИН НА ОТСТРАНУВАЊЕ НА ПОВРЕДАТА НА ПРАВОТО. ОВА ЌЕ БИДЕ ДОСТАВЕНО И ДО МЕНЕ И ДО ОНОЈ ШТО МЕ ДИСКРИМИНИРАЛ.

## ШТО ТРЕБА ДА НАПРАВИ ОНОЈ КОЈ МЕ ДИСКРИМИНИРАЛ АКО КОМИСИЈАТА УТВРДИ ДИСКРИМИНАЦИЈА?

ТРЕБА ДА ЈА ОТСТРАНИ ПОВРЕДАТА НА ПРАВОТО ВО РОК ОД 30 ДЕНА ОД ДЕНОТ НА ПРИЕМОТ НА ПРЕПОРАКАТА, КАКО И ЗА ТОА ДА ЈА ИЗВЕСТИ КОМИСИЈАТА.


## КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

Булевар „Димитар Влахов" (зграда на МРТВ, 20. кат)

(02) 3232-242

contact@kzd.mk

www.kzd.mk

FB: @AntidiscriminationMK


# ЕДНАКВОСТ ЗА СИТЕ!

Демократските општества, какво што е нашето, создаваат множество од институции кои треба да ги задоволат потребите на сите граѓани. Владеењето на правото, во оваа смисла, подразбира постоење на цврсти механизми кои ни овозможуваат правилата на поредокот да важат подеднакво за сите, независно од нашите разлики.

Комисијата за заштита од дискриминација е еден од оние институционални столбови кои речиси една деценија, посветено настојуваат што повеќе да биде застапен пристапот до правдата за жртвите од дискриминацијата во сите сегменти на општествениот живот.

Во продолжение, во согласност со одредбите од Законот за спречување и заштита од дискриминација од 2010 година, изложени се конкретни објаснувања како можете да ги заштитите своите права поврзани со дискриминацијата и еднаквоста пред ова независно експертско тело.


ОБСЕ Организација за безбедност и соработка во Европа
Мисија во Скопје

## ШТО Е ДИСКРИМИНАЦИЈА?

ДИСКРИМИНАЦИЈА Е СЕКОЕ НЕОПРАВДАНО ПРАВНО ИЛИ ФАКТИЧКО, НЕПОСРЕДНО ИЛИ ПОСРЕДНО ПРАВЕЊЕ НА РАЗЛИКА ИЛИ НЕЕДНАКВО ПОСТАПУВАЊЕ, ОДНОСНО ПРОПУШТАЊЕ (ИСКЛУЧУВАЊЕ, ОГРАНИЧУВАЊЕ ИЛИ ДАВАЊЕ ПРВЕНСТВО) ВО ОДНОС НА ЛИЦА ИЛИ ГРУПИ.

## ВРЗ ОСНОВА НА ШТО НЕКОЈ МОЖЕ ДА МЕ ДИСКРИМИНИРА?

ВРЗ ОСНОВА НА ПОЛ, РАСА, БОЈА НА КОЖА, РОД, ПРИПАДНОСТ НА МАРГИНАЛИЗИРАНА ГРУПА, ЕТНИЧКА ПРИПАДНОСТ, ЈАЗИК, ДРЖАВЈАНСТВО, СОЦИЈАЛНО ПОТЕКЛО, РЕЛИГИЈА ИЛИ ВЕРСКО УВЕРУВАЊЕ, ОБРАЗОВАНИЕ, ПОЛИТИЧКА ПРИПАДНОСТ, ЛИЧЕН ИЛИ ОПШТЕСТВЕН СТАТУС, МЕНТАЛНА И ТЕЛЕСНА ПОПРЕЧЕНОСТ, ВОЗРАСТ, СЕМЕЈНА ИЛИ БРАЧНА СОСТОЈБА, ИМОТЕН СТАТУС, ЗДРАВСТВЕНА СОСТОЈБА ИЛИ КОЈА БИЛО ДРУГА ОСНОВА.

## КАКО МОЖЕ ДА МЕ ДИСКРИМИНИРААТ?

### ДИРЕКТНО

КОЕШТО ИМА ЗА ЦЕЛ ОДЗЕМАЊЕ, НАРУШУВАЊЕ ИЛИ ОГРАНИЧУВАЊЕ НА ЕДНАКВОТО ПРИЗНАВАЊЕ ИЛИ УЖИВАЊЕ НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА И ОСНОВНИ СЛОБОДИ, СПОРЕДЕНО СО ТРЕТМАНОТ КОЈ ГО ИМА ИЛИ БИ МОЖЕЛО ДА ГО ИМА ДРУГО ЛИЦЕ ВО ИСТИ ИЛИ СЛИЧНИ УСЛОВИ.

### ИНДИРЕКТНО

• КОГА МЕНЕ ИЛИ НЕКОЈА ГРУПА НА КОЈА Ѝ ПРИПАЃАМ, ЌЕ МЕ СТАВАТ ВО НЕПОВОЛНА ПОЛОЖБА ВО СПОРЕДБА СО ДРУГИ ЛИЦА ИЛИ ГРУПИ НА ЛИЦА, СО ДОНЕСУВАЊЕ ОЧИГЛЕДНО НЕУТРАЛНИ ОДРЕДБИ, КРИТЕРИУМИ ИЛИ СО ПРЕЗЕМАЊЕ НА ОПРЕДЕЛЕНИ ПРАКТИКИ.

• КОГА ВОЗНЕМИРУВАЧКИ И ПОНИЖУВАЧКИ СЕ ПОСТАПУВА КОН МЕНЕ ИЛИ КОН ГРУПАТА НА КОЈА ПРИПАЃАМ И СО ТОА СЕ ИМА ЦЕЛ ДА МЕ ПОНИЖАТ ИЛИ ДА СОЗДАДАТ ЗАСТРАШУВАЧКА, ПОНИЖУВАЧКА ИЛИ НЕПРИЈАТЕЛСКА СРЕДИНА.

• КОГА МЕНЕ, ДОКОЛКУ ИМАМ МЕНТАЛНА ИЛИ ФИЗИЧКА ПОПРЕЧЕНОСТ, НАМЕРНО ЌЕ МИ СЕ ОНЕВОЗМОЖИ ИЛИ ОТЕЖНИ ПРИСТАПОТ ДО ЗДРАВСТВЕНАТА ЗАШТИТА, МЕДИЦИНСКИ ТРЕТМАН И ЛЕКОВИ, РЕХАБИЛИТАЦИСКИ СРЕДСТВА И МЕРКИ ВО СОГЛАСНОСТ СО МОИТЕ ПОТРЕБИ, УСКРАТУВАЊЕ НА ПРАВОТО НА БРАК И СОЗДАВАЊЕ НА СЕМЕЈСТВО, УСКРАТУВАЊЕ НА ПРАВОТО НА ОБРАЗОВАНИЕ, НА РАБОТА И ПРАВАТА ОД РАБОТНИОТ ОДНОС, КОГА НЕМА ДА СЕ ПРЕЗЕМАТ МЕРКИ ЗА ОТСТРАНУВАЊЕ НА НЕПРИСТАПНОСТА, ОДНОСНО ПРЕЗЕМЕНО ПРИСПОСОБУВАЊЕ НА ИНФРАСТРУКТУРАТА И ПРОСТОРОТ, КОРИСТЕЊЕ НА ЈАВНО ДОСТАПНИ РЕСУРСИ, ИЛИ УЧЕСТВО ВО ЈАВНИОТ И ОПШТЕСТВЕНИОТ ЖИВОТ.

• КОГА ТРПАМ ШТЕТНИ ПОСЛЕДИЦИ КОГА СУМ ПРИЈАВИЛ, ОТПОЧНАЛ ПОСТАПКА ИЛИ СУМ СВЕДОЧЕЛ ЗА ДИСКРИМИНАЦИЈА.

## ВО КОЈА ОБЛАСТ МОЖЕ ДА БИДАМ ДИСКРИМИНИРАН И ДА ИМАМ ПРАВО ДА ПОДНЕСАМ ПРЕТСТАВКА ДО КОМИСИЈАТА?

МОЖЕ ДА ПОДНЕСАМ ПРЕТСТАВКА ДО КОМИСИЈАТА ЗА ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА, ДОКОЛКУ СУМ ДИСКРИМИНИРАН ВО КОЈА БИЛО ОБЛАСТ, ОДНОСНО ВО ОБЛАСТА НА РАБОТАТА И РАБОТНИТЕ ОДНОСИ, ОБРАЗОВАНИЕТО, СОЦИЈАЛНАТА СИГУРНОСТ, ВКЛУЧУВАЈЌИ ГО И ПОДРАЧЈЕТО НА СОЦИЈАЛНАТА ЗАШТИТА; ЗДРАВСТВОТО, ПРАВОСУДСТВОТО И УПРАВАТА; ДОМУВАЊЕТО; ЈАВНОТО ИНФОРМИРАЊЕ И МЕДИУМИ; ПРИСТАПОТ ДО ДОБРА И УСЛУГИ И ДРУГИ ОБЛАСТИ ОПРЕДЕЛЕНИ СО ЗАКОН.

## ШТО ТРЕБА ДА НАПРАВАМ ДОКОЛКУ НЕКОЈ МЕ ДИСКРИМИНИРА?

ДА ПОДНЕСАМ ПРЕТСТАВКА ДО КОМИСИЈАТА ЗА ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА НАЈДОЦНА ВО РОК ОД ТРИ МЕСЕЦИ ОД МОМЕНТОТ ОД КОГА МЕ ДИСКРИМИНИРАЛЕ.

## КАКО ДА ЈА ПОДНЕСАМ ПРЕТСТАВКАТА?

ПИСМЕНО ИЛИ УСНО, ЛИЧНО ДО КОМИСИЈАТА ЗА ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА, ПРЕКУ ПОШТА, ПРЕКУ ТЕЛЕФОН, ПРЕКУ ЕЛЕКТРОНСКА ПОШТА ИЛИ ПРЕКУ ЕЛЕКТРОНСКАТА ФОРМА НА ИНТЕРНЕТ-СТРАНИЦАТА НА КОМИСИЈАТА. НЕ СЕ ПЛАЌААТ НИКАКВИ ТАКСИ ИЛИ НАДОМЕСТОЦИ ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ НА ПРЕТСТАВКА.

## НА КОЈ ЈАЗИК ДА ЈА ПОДНЕСАМ ПРЕТСТАВКАТА?

• НА МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК;

• НА ЈАЗИКОТ ШТО ГО ЗБОРУВААТ ПОВЕЌЕ ОД 20 % ОД ГРАЃАНИТЕ;

• АКО ЖИВЕАМ ВО ЕДИНИЦА НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА ВО КОЈА НАЈМАЛКУ 20 % ОД ГРАЃАНИТЕ ЗБОРУВААТ СЛУЖБЕН ЈАЗИК РАЗЛИЧЕН ОД МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК, МОЖАМ ДА ГО УПОТРЕБАМ КОЈ БИЛО ОД СЛУЖБЕНИТЕ ЈАЗИЦИ И НЕГОВОТО ПИСМО КОИ СЕ КОРИСТАТ ВО ЕДИНИЦАТА НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА, А КОМИСИЈАТА ЌЕ МИ ОДГОВОРИ ПОКРАЈ НА МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК, И НА ОВОЈ ЈАЗИК.

## ШТО ТРЕБА ДА ДОСТАВАМ СО ПРЕТСТАВКАТА?

СИТЕ ФАКТИ И ДОКАЗИ КОИ СМЕТАМ ДЕКА ОДАТ ВО ПРИЛОГ НА ПОТВРДУВАЊЕ НА ДИСКРИМИНАЦИЈАТА.